# Венко Филипче во Радовиш призна: Не сме исти!

Недела, 12 Октомври 2025 20:42




**Во право е Венко Филипче кога: вели несме исти. Кога владееше СДС имаше хаос, задкулисни договори и разочарани граѓани. Затоа е важно да се каже, да Венко во право си, не сме исти, и никогаш нема да бидеме исти.**

**Тие денес зборуваат за институции, а институциите им беа партиски штабови. Говорат за дијалог, а договараа со нашите соседи зад затворени врати. Ветуваа сигурност, а донесоа економска беда, иселување и страв.**

**СДС ја претвори државата во лабораторија на политички експерименти, без визија, без одговорност, без чувство за народ.**

**Променија име, идентитет, историја. Под изговор на реформи и влез во ЕУ, го урнаа достоинството на државата.**

**Во нивно време, парите на граѓаните завршуваа во џебовите на партиски фирми и олигарси блиски до врвот на СДС. Корупцијата стана норма, а не исклучок. Народот молчеше, затоа што кога ќе проговореа, ги заплашуваа и ги омаловажуваа и ги судеа.**

**Кога владее ВМРО-ДПМНЕ, има ред, работа и резултати.**

**Кога владее ВМРО-ДПМНЕ, се градат патишта, училишта, болници, фабрики. Тогаш пензиите растат, платите растат, државата се движи напред. Има проекти, има визија, има сигурност. И што е најважно, се има чувство дека Македонија е држава, која се грижи за својот народ.**

**ВМРО-ДПМНЕ не бега од проблемите, ги решава. Не се плаши од одговорност, ја презема.**

**ВМРО-ДПМНЕ не се крие зад изговори за „европски процеси“ или „тешки одлуки“, туку стои исправена, со главата горе, со љубов кон Македонија.**

**Разликата е во делата, не во зборовите.**

**СДС зборува за „соработка“, а зад грб правеше пактови со оние што ја уценуваа државата.**

**СДС зборуваа за „граѓани“, а владеше со партиски списоци и притисоци.**

**СДС зборуваа за „иднина“, а создаваа генерации што ја гледаат својата иднина надвор од Македонија.**

**Од другата страна е ВМРО-ДПМНЕ, партијата на чест и одговорност. Партијата што не ветува за да преживее, туку работи за Македонија да живее.**

**И во право е Венко Филипче: Не сме исти! Не сме исти, затоа што ние работиме и ја сакаме Македонија.**

**Кога СДС владеше, државата тонеше.**

**Кога ВМРО-ДПМНЕ владее, државата се исправува. И затоа денес, повеќе од кога било, народот знае кому може да му ја довери иднината. На оние што само ветуваат, или на оние што реализираат.**

**На оние што се кријат зад празни фрази, или на оние што работат со срце и со визија.**

**И затоа што Венко Филипче призна дека, не сме исти, Македонија има избор.**

**И тој избор се вика ВМРО-ДПМНЕ, за чесна, силна и горда држава.**


ВМРО-ДПМНЕ
УНИЈА НА ВЕТЕРАНИ
НА ВМРО-ДПМНЕ